*Психологија: наука и практика*, Vol I (1), 2015 УДК: 615.851.8
Стручен прилог: Осврт

# ДАЛИ СОЗДАВАЊЕТО Е НЕОПХОДНО? *

**Благоја Јанаков**[1]
*Институт за психологија, Филозофски факултет,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје*

## Кратка содржина

Во овој текст терминот создавање е определен широко: процес на остварување/осуштествување нешто што има особености. Создавањето има два аспекта: (1) правење/произведување – клучно е остварувањето/осуштествувањето; (2) творење (креирање) – клучна е особеноста/оригиналноста на создаденото. Облиците на создавање се многубројни: градење, обновување, правење, произведување, (пре)обликување, измислување, откривање, творење, конструктивно и деструктивно, добротворење и злотворење и др. Особени создавачки процеси се менувањата: раст, развој, заболување, оздравување и др. Намени/функции на создавањето: приспособување, постигнување или одржување благосостојба, себепројавување, себеостварување и др. Производите се крајно различни: краткотрајни и долготрајни, ментални и материјални, корисни и некорисни итн. Изразито создавачки појави се привиди, измислици, вљубеност, сон и др. Психолошката практика, посебно психотерапијата, не може да биде успешна без создавање. Сите луѓе создаваат; луѓето се крајно насочени кон создавање и се големи создавачи. Создаваат не само позитивни туку и негативни нешта. Создаваат нешта што се и нешта што не се неопходни за преживување, но се неопходни за нешто друго (благосостојба, усовршување и др.). Создавањето е неопходно за суштествување, менување и развој на единки, заедници и човечкиот вид. Луѓето се создадени и создавачи, творби и творци. Создавањето е сеопшта одлика на суштествата и стварноста. Сè што постои е создадено. Без создавање, животот згаснува, битието умира.

**Клучни зборови:** *создавање, правење/произведување, творење, неопходност на создавањето*

[1] *Белешка. Текстот претставува проширена верзија (значително е проширен последниот дел) на трудот The necessity of creating for living, презентиран на 30th International congress of psychology, одржан 2012 г. во Кејптаун/Cape Town, Јужна Африка/South Africa.
blagoja@fzf.ukim.edu.mk

*Животот е творештво.*
Сохан Л. В., Тихонович В. А.

Една жена готви ручек, а нејзината свекрва прави овошен колач. Десетгодишно дете пишува домашна задача, на тема „Мојата татковина“, која утре ќе ја однесе во училиште. Две помали деца си играат со кукли во дворот. Во градината таткото на децата крои лози, а дедото прави куќичка за кутре. По ручекот, децата гледаат цртан филм и раскажуваат за филмот, а возрасните членови на семејството разговараат, претежно за претстојни работни задачи, и играат карти.

Ова е мал сегмент од секојдневното живеење на едно обично семејство. Дали во овој сегмент се наведени создавачки дејности и производи на создавање? Ако се наведени, дали се неопходни? Кој остварува такви дејности?

## Определба

Психологијата на творење/креативност во последните децении е во подем (в. Зинченко, 2010; Ильин, 2009; Kaufman & Sternberg, 2010; Козлов, 2008; Rickards, Runco & Moger, 2009; Runco & Pritzker, 1999; и др.). Но, во науката за креативноста нема општи или широко прифатени определби на создавањето и творењето. Не е определен ни најнискиот и највисокиот степен на креативност. Психолозите ја сфаќаат креативноста како процес, состојба, својство или активност/дејност. Претежно се издвојуваат четири аспекти на креативноста: процес, личност, производ и контекст (социјално-културни фактори, влијанија, притисоци и сл.). Во новата литература (покрај претходно посочената, в. Мещеряков и Зинченко, 2007; Runco 2004, 2007; Runco & Jaeger, 2012; Simonton, 2005, 2008; Sternberg, Grigorenko & Singer, 2004; Cropley, Cropley, Kaufman & Runco, 2010; и др.), како главни карактеристики/критериуми на креативност претежно се наведени (1) новост/оригиналност и (2) продуктивност/адаптивност/корисност.

Овие критериуми можат да се оспоруваат. Која е референтната основа кога се користи критериумот новост – индивидуален субјект, група, човештво или целокупна стварност? Многу активности, на пример, детската игра, се креативни, а не се продуктивни. Корисност – за што и за кого? Голем дел од креативните активности и производи се некорисни, деструктивни, штетни или негативни.

Инаку кажано, нема објективни валидни критериуми за процена на новост, квалитет, корисност и вредност (вклучително парична) на производи; процените зависат од персонални, социјални, идеолошки и од други фактори.

Создавањето е осуштествувачки процес, со кој непостојното станува постојно, можното – се остварува, односно со кој стварноста се менува/станува поинаква. Актот на создавање е исчекор од постојното (од она што е), т.е. создавањето е акт на премостување на непостојно/нестварно/можно/идеално/ несуштествувачко и постојно/стварно/суштествувачко (в. на пример Runco & Pritzker, 1999; Соснин и Пойзнер, 2011). Тоа е акт на преобразување/обединување на субјективно и објективно, внатрешно и надворешно, индивидуално и социјално. Инаку кажано, тоа истовремено е акт на себепројавување/себеостварување и на себенадминување (себетрансцендирање). Актот на создавање поетски или метафорично е опишан како: надминување на сега и тука; особена гранична состојба; исчекор од областа на познатото; девијантен/ненормален акт; обединување на субјектот и светот; бунт; ослободување; шокантен; тајна; чудесен; круна на живеењето и др.

Најкуса определба на создавањето: *правење*; поточна определба: *процес на правење, остварување/осуштествување нешто, кое има особености.*

Оваа определба е широка. Делумно така е направено согласно со значењето на зборот „создаде“ во македонскиот јазик – основни значења се: прави, произведува и твори. Освен тоа, во извонредниот психолошки речник, уреден од Мещеряков и Зинченко (2007), творештвото е определено на три начини: (а) човечка дејност со која се создава нешто квалитативно ново и социјално вредно, (б) човечка дејност во која се создаваат нови (барем за субјектот) резултати, и (в) секој развоен процес (вклучително кај живи суштества, дури и како атрибут на материјата).

Овде се разликувани два основни аспекта на создавање.

(1) **Правење/произведување**. При определувањето на овој аспект *клучно е остварувањето/осуштествувањето,* односно збиднувањето.

Правеното/произведеното нешто е фактично, а претходно (пред процесот на правење/произведување) не било, не се случило, го немало, не суштествувало. Примери за разјаснување: (а) Жената направи овошен колач со малини; (б) Една куќа се градеше во претходните неколку години; (в) Дане и Боне вчера имаа средба. Облици се: изработување, градење, образување, составување, уредување,

(пре)обликување, (воз)обновување, востановување, постапување, никнење, појавување и др.

(2) **Творење** (креирање). Во определбата на овој аспект *клучна е особеноста/различноста/оригиналноста* на создаденото, неговата неистоветност со постојни нешта (во околината или стварноста). Со творечкиот процес се создава нешто особено, што во некоја мера е инакво, т.е. оригинално и, во многу случаи, со високо качество (може да се процени како мошне вредно). Вишите степени на овој аспект на создавање често се нарекувани откривање или пронаоѓање, и инвентивен или творечки (во тесно значење) процес.

Правењето/произведувањето и творењето се аспекти на секој создавачки акт, но нивниот соодност е различен. Тие не можат лесно да се разграничат. (Голем број изучувачи разликуваат степени на креативност, но таа е континуирана појава.) Квантитетот и квалитетот на создаденото варира. Секое создадено нешто има особености. Со други зборови, кај многубројните облици на човечко функционирање и безбројните активности творечкиот аспект е присутен во различен степен. Освен тоа, интерперсоналните разлики во творењето не се мали. Во врска со тоа, вообичаено е разликување мала (к) и голема (К) креативност (в. на пр. Simonton, 2010).

Особена група создавачки појави се процесите на менување. Менувањето е квантитативно и/или квалитативно. Воопштено кажано, кај тие појави се присутни двата аспекта (1 и 2). Тука се наведени четири посебни менувачки процеси. Раст е квантитативно менување. Развој е претежно квалитативно менување. Интересни создавачки процеси се заболување и оздравување.

Голем дел од човечките создавачки акти се очовечено/облагородено функционирање. Тие се *целенасочени, уредени и резултативни/производни дејности,* со кои се *гради, обликува, прави, произведува, менува или се твори* нешто. Едноставно кажано, тие се акти на правење нешто или правење нешто што е особено. Нештото е: материјално, телесно, општествено, културно, духовно или душевно; внатрешно или надворешно; приватно, колективно или јавно; ракотворба или умотворба. Создавањето е остварување на можно. Создавачкиот акт претставува менување на субјектот; актот има ефекти врз субјектот. Со актот на создавање стварноста се менува. Создавањето е условено од стварноста и може да се поттикнува (за последното в. Акимов и Клименко, 2007; Hennessey и Amabile, 2010; и др.; кај нас в. трудови на Арнаудова).

Во науката за создавање широко се прифатени следниве сознанија: создавањето е мошне сложена појава; степенот на сложеност

кај разните случаи создавање варира; актите на создавање се остваруваат со мошне различни констелации на компоненти и услови; облиците на создавање се безбројни.

**Составки и особености на создавањето**
(изучено од психолошки аспект)

Основни елементарни составки: сила, движења, осети, претстави и знаци. Интраперсонални *компоненти и услови*: дивергентно мислење, знаења, кадарности, некои црти на личноста (отвореност и др.), мотиви (особено внатрешни/интринзички), цели, вредности, склоности, лични смисли, некои состојби и др. Еден истражувач (Martinsen, 2011) откри седум фактори на креативноста: емоционална нестабилност, амбиција, асоцијативна насоченост, мотивација, потреба од оригиналност, согласност и флексибилност. Не е оправдано дамнешното тврдење дека менталните болести се главен одредувач на креативноста. Утврдена е поврзаност на некои создавачки процеси со некои (но не со сите) ментални девијантности и растројства (в., на пример, Николаенко, 2005; Silvia & Kaufman, во Kaufman & Sternberg, 2010; Runco & Pritzker, 1999; Simonton, 2010).

Бројот и начинот на организираност на интраперсоналните компоненти и услови кај разни личности не е ист. Во врска со тоа, се укажува (на пример, Simonton, 2008) дека постојат повеќе типови креативни личности.

Создавањето е суштествено, а творењето е врвен процесуален облик на општата животна кадарност. Тежнеењето кон создавање е спонтано, природно.

Мошне често се твори без свесно поставање задача. Во врска со тоа, голем број творци изјавиле: „Творечките задачи не ги поставам јас/мојата свест, туку некоја непозната сила; Нешто од длабочината бара да излезе; Делото врши притисок да се роди; Јас не сум креатор, туку медиум на креативниот процес“и сл.“

---

*Јунг за творењето*

Човечкото творење наликува на суштествување на дрво во почва, која му ги дава неопходните материи. Творечкото дело е особено живо суштество, кое се одделило од душата, има самостоен живот (тоа е автономен комплекс) и расте. Тоа има сила, дури тиранска, бара излез, тежнее да се оствари/овоплоти. Изворот на креативна енергија е трансцендентален. Со творењето управува колективното несвесно (в. Samuels et al., 1986; Runco & Pritzker, 1999; Зинченко, 2010).

---

Често се тврди дека создавањето е себепројавување или себеостварување. Меѓутоа, создавањето претставува себеподредување – субјектот е подреден на она што го создава. Себеподредувањето е себенадминување. Со тоа субјектот се унапредува.

При создавањето луѓето користат само дел од сопствените кадарности и капацитети. Особеностите на личното искуство и личноста ги насочуваат кон дел од областите во кои би можеле да создаваат. Освен тоа, голема влијание имаат внатрешни (ниска мотивираност, неспремност за ризикување, навикнатост итн.) и надворешни (отсуство на социјална поддршка, социјално неприфаќање и др.) ограничувачки фактори.

Создавањето на човечките единки е личен акт. Тоа е индивидуализирано. Односот на создавачот кон создавањето е различен – од негативен (на пример, затоа што создавачот е принуден да создава), преку неутрален, до крајно позитивен (создавачот доживува восхит и сл.). Создавачкиот акт претежно претставува реализирање на субјективно важна животна задача. Во процесот на реализирање личноста има особен и длабок контакт со сопствениот внатрешен свет. Создавањето често раѓа занес (Csikszentmihalyi, 1996).

Творењето не се одвива само во главата; не создава главата, туку човекот во целост. При создавањето често се користат надворешни средства (алати, машини и др.). Создавањето претежно е посредувано.

Поголемиот дел од создавањето е лоциран во областа на контактот на субјектот и другите/околината, т.е. на границата на субјектот и светот.

Степенот на ефективност и продуктивност на создавачките акти е различен. Некои автори разликуваат нивоа на креативни постигнувања (на пример, Simonton, 2008, разликува седум нивоа).

## Облици и области

Воопштено кажано, *секоја активност е создавачка*; *човечкото живеење е создавачко* (на пример, Зинченко, 2010; Сохан и Тихонович, 1985). Посебни области на човечко создавање се работа/производство, техника и технологија, образование, спорт, уметност, наука, здравство, политика и др. Мошне важна сложена област е секојдневното живеење.

Облиците се безбројни: внатрешно и надворешно; уметничко, научно, техничко и др.; намерно и спонтано; позитивно и негативно,

здраво и нездраво, добротворење или злотворење; просоцијално, асоцијално или антисоцијално и др.

Често се разликуваат *конструктивно* и *деструктивно* создавање (за деструктивното или темното создавање, в. Cropley et al., 2010). Првото има повеќе облици: доградување, преуредување, преобразување, пресоздавање, изградување, создавање, творење и сл. Облици на деструктивното се: оштетување, кршење, разградување, уривање, рушење, уништување, усмртување и др. (Можеме да се потсетиме: некои злотворци, криминалци и терористи се исклучително креативни.) Поврзано со тоа, Е. Фром разликува два типа луѓе: со продуктивна и со непродуктивна насоченост. Воопштено кажано, луѓето се големи градители, конструктори, произведувачи и добротвори. Поточно – најголеми. Тие, исто така, се големи разградувачи, деструктори, уништувачи и злотворци. Поточно – најголеми.

Два основни облика создавање се објективно-материјален (одгледување цвеќиња, произведување леб, пишување, изработување предмети, градење итн.) и субјективно-духовен (создавање претстави, верувања, митови, музички дела итн.).

---

*Добротворење и злотворење, „светло“ и „темно“ создавање*

Човечкото создавање и уништување, добротворење и злотворење немаат граници, а извориштата им се непресушни. Што надвладува? Не е лесно да се одговори (в. Cropley et al., 2010). Барајќи одговор можеме да се запрашаме: Дали последниве стотина години повеќе се добротворело или злотворело? Дали имало повеќе добро или зло? Можеме да се потсетиме и на факти, меѓу кои следниве.

Во војните што се случија во XX век се убиени и усмртени околу 200.000.000 луѓе. Тоа во голема мера е резултат на следново: во XX век се создадени, односно користени повеќе големи системи за злотворење и многубројни производи за (ин)директно уништување луѓе, заедници и култури. Најзлотворечки систем беше фашистичкиот режим. Мошне успешен беше колонизаторско-експлоататорскиот систем на Велика Британија, кој уништи и оштети милиони луѓе и направи многубројни злодела, вклучително во Јужна Африка.

Последните стотина години во светот се произведени повеќе и многу посилни оружја и средства за уништување отколку во целокупната претходна историја! Така е затоа што производството на оружја и други средства за уништување, т.е. производството на смрт, е мошне профитабилен бизнис. Кој е најголем производител?

Далеку најголем е САД. Воениот буџет на таа држава е колку на сите други држави заедно! Оваа држава на многу начини ја поттикнува и ја одредува побарувачката на оружје и други средства за уништување луѓе во светот. Управувачите, институциите и компаниите на оваа земја знаат дека вооружените судири и војните се исклучително добри за бизнисот. Демек, колку повеќе вооружени судири и војни низ светот – толку подобро за американскиот бизнис и за Американците! САД се посебно успешни во поттикнување вооружени судири, „ослободителни војни" и „револуции" во други држави. Тоа и т.н. „миротворни мисии" во странски земји им донесуваа(т) огромен профит. Оваа држава е предизвикувач и учесник на најмногу војни во последните стотина години; тие извршија многубројни напади и бомбардирања на други земји. Вршат атентати, киднапираат и убиваат луѓе од други земји. Ги следат приватните комуникации на милиони луѓе. Ги шпионираат ООН и ЕУ, како и владите на државите-членки на НАТО. САД не ги почитуваат меѓународните закони и правила; главен принцип на нивната политика не е правда и праведност, туку сила, особено воена. Тие се убедени дека имаат право на сѐ што им е потребно (посебно на енергетските ресурси), без оглед каде е и чие е. И дека за задоволување на потребите ним сѐ им е дозволено, вклучително и да вршат злосторства. Кусо кажано, најголем меѓународен злотворец и уништувач во последните стотина години и денес се САД (в. книги и статии на нобеловецот Х. Пинтер и големиот американски психолингвист и мислител Н. Чомски). Тие се наречени (на пр. во Лисичкин и Шелепин, 2001) глобална империја на злото или Сатански Американски Држави.

Според многу научници и мислители, војните, уништувањето и другите настани и збиднувања од XX и XXI век јасно ја докажаа превласта на уништувачката и злодејствувачката тенденција. Слично тврдат и некои видни психолози, посебно Фројд. Баумејстер и сор. (Baumeister, 2005; Baumeister & Bushman, 2008), по направениот преглед на истражувања, заклучиле: лошото е посилно од доброто.

Некои авторитетни мислители велат вака: „Рајот не постои во стварноста. Рајот е измислица. Некои луѓе и заедници се обидуваа(т) да го создадат. Залудно. Злотворењето е посилно. Пеколот не е измислица, стварен е. Не е таму некаде, туку овде, кај нас. Ние сме во него. А, се разбира, пеколот е создаден од луѓето".

---

Се создава индивидуално или во соработка (заедничко или колективно/ социјално). Поврзано со тоа, насоченоста при создавање-

то е кон себе, кон други луѓе или кон надличносното (создавање за Бог и др.). Личноста создава кај/во себе и надвор од себе. Го твори сопственото живеење, творец е на животниот пат; таа е себесоздател. Луѓето заеднички создаваат нови луѓе; тие животворат.

Некои конкретни создавачки активности се: детска игра, готвење, правење мебел, возење кола, пишување, кроење овошки, замислување, играње шах и карти, разговор, цртање и преуредување дом.

Изразито создавачки дејности се: остварување сложени или нови задачи, справувачки активности (справување со конфликти, кризи и сл.), уметнички дејности, научни дејности, решавање проблеми (вклучително технички) и др.

### Намени/функции и ефекти

Намените/функциите се многубројни: задоволување мотиви (за активност, углед, уметност и др.), поврзување со околината, приспособување, справување со тешки ситуации и состојби, оздравување, користење ресурси, (себе)појавување, развој на потенцијали, остварување на можно (посебно сакано и идеално) и др. Кусо кажано, основна намена е постигнување или унапредување на благосостојба.

Некои ефекти се: ослободување од напрегнатост, интегрираност на личноста, чувство на исполнетост и доживување на осмисленост на живеењето, правење добро, здравје и виталност. Создавањето не е просто себепројавување или себеостварување, туку себеградење, себесоздавање, себевозвишување, себенадминување. Тоа е механизам/движечка сила на развојот (Зинченко, 2010; Пономарев, 1976; и др.); општ внатрешен ефект е менување и развој на единката.

Најопшт ефект е менување и унапредување на стварноста. (Впечатливо е укажувањето на В. В. Кандинскиј. Уметничкото дело, по одделувањето од творецот, се здобива со самостоен живот, станува личност. Делото е суштество; како секое суштество, има создавачки сили, дејствува и учествува во создавањето духовна атмосфера.) Расчленето разгледано, со секој деструктивен создавачки акт стварноста се менува, а со секој конструктивен акт стварноста се обогатува.

## Производи

Производите се безбројни и крајно различни: краткотрајни и долготрајни, ментални и материјални, мали и големи, употребливи и неупотребливи, убави и грди, обични и необични, вредни и безвредни, униформни и уникатни, банални и чудесни и други (в. Субботский, 2007). Примери за персонални/индивидуални: хормони, ензими, крв, влакна, коски, камења (создадени во бубрези), телесни симптоми и болести, душевни растројства, здравје, облик и особености на тело, изглед, дејства, постапки, толкувања, искази, смисли, (не)благосостојби, субјективност, (не)слобода, црти, способности, нарав, стил на живеење и др.

Некои интерперсонални/заеднички креативни појави се: народни умотворби, ора, домови, разговори, пријателство, љубов и луѓе. Надворешни или материјални производи се: орудија, оружја, машини, книги, облека, градини, згради, јазици, слики, филмови, општествено-политички системи, религии, идеологии, наука и др.

---

*Застој и невроза како креативни појави*

Во хуманистичката психологија застојот во развојот на личноста е сфатен како последица на неоптимално функционирање. Последното може речиси целосно да се изедначи со недоволно или несоодветно користење на креативниот потенцијал.

Согласно со многу психолози, неврозата и другите ментални растројства и болести се креативни производи на лоши одговори на животни прашања. Јунг (1965) укажал: „Луѓето стануваат невротични кога неадекватно или лошо одговараат на животно важни прашања“. Кога емоционалниот креативен одговор е погрешен, резултатот е невроза (според Averill & Nunley, 2010).

---

*Мошне креативни ментални појави*

*Привиди и измислици.* Привид е претстава или замисла за нешто што не е присутно, со убеденост дека е присутно. Измислица е претстава/замисла за нестварно нешто. Халуцинација е измислица поврзана со убеденост дека е вистинита. Потребата за привиди/измислици е појдовна основа на уметноста, науката, игрите, политиката, астрологијата, војните, револуциите, зависностите и др.

*Вљубеност.* Личноста конструира претстава и создава силна наклоност кон некоја единка, иако нема доволно податоци за единката.

*Мечтаење.* Тоа е замислено/нестварно остварување на желби.

*Сонување.* Тоа е лична креација (в., на пример, Субботский, 2007). При сонувањето се создаваат нови комбинации и нови облици, се креираат претстави, ситуации, збиднувања, појави и суштества какви што нема во стварноста; неможното е можно. Јасен доказ за креативната природа на сонувањето е фактот: голем број научни и технички откритија и пронајдоци се направени при сонување.

---

Многу нешта од околината се создадени или створени од личноста. И многу нешта во/кај неа. Многу познати психолози (Б. Г. Ананјев, А. Бандура, А. Валон, Л. С. Виготскиј, Џ. Кели, А. Н. Леонтјев, Ж. Пијаже и др.) и некои правци во психологијата (особено социјалниот конструкционизам) нагласуваа: сите ментални појави се конструирани/создадени. Најсложена и најважна творба е личноста.

Накусо, *човекот и човечкиот свет се исклучително сложени производи на создавање.*

### Психолошка практика

Психологијата како наука е производ на творење. Дали создавањето е присутно и неопходно во психолошката практика, посебно во психотерапијата? Клучни појави во психолошкото работење со луѓе се разјаснување, толкување, увид и разбирање. Овие појави се облици на создавање. Психотерапискиот процес е исклучително и (пожелно е да е) важно збиднување. Тоа е посебна животна ситуација. Во успешната психотерапија клиентите се поактивни и покомплетно ангажирани. Се одвиваат процеси на одблокирање, отворање и пројавување; понадворешнувањето е покомплексно и поавтентично. Се одвиваат разни облици на учење; се здобиваат со нови искуства. Силата и живоста, по правило, се зголемуваат. Некои чести промени се во: себството (во идеалната слика, зголемено себеразбирање и себеприфаќање и др.), односите, ставовите, верувањата, очекувањата, смисленостите, светогледот. Инаку кажано, во успешната психотерапија се создаваат нови облици на функционирање (особено во општењето со други луѓе и во секојдневното живеење), тоа се оптимализира/унапредува.

Промените се разни: површински и длабински, краткотрајни и долготрајни итн. Цел на сите облици психотерапија е позитивно менување (тоа вклучува отстранување на негативно и јакнеење на позитивно), односно оптимално функционирање или благосостојба. Согласно со тоа, клучно е во процесот на психотерапија да се иницира создавање. Без создавање, психотерапијата не може да биде успешна.

**Неопходност**

Се создава во сите области на човековото живеење. Се создава и во секојдневното и приватното живеење, дури и при спиење. Луѓето прават/ произведуваат безбројни, вклучително крајно различни нешта: храна, предмети, орудија, машини, уметнички дела, измислици, (не)пријателства, деца/луѓе... Мошне битно е создавањето или подобрувањето на условите за живеење (домови, градби, водовод, паркови, земјоделство, електрична енергија итн.). Мало разјаснување. Дел од условите за живеење се природно присутни и достапни (на пример, воздух, вода, билки и нивните плодови, животни и др.). Но и кога е така, луѓето дејствуваат, се ангажираат, и тоа претежно долготрајно и/или колективно. На пример, водата е достапна, но не е лесно достапна во секој миг кога е потребна. Луѓето направија водовод и одвод, со што степенот на достапност многу се зголеми. А за подобра и посигурна исхрана луѓето создадоа земјоделство, сточарство, прехранбена индустрија и уште многу други нешта.

*Сите луѓе создаваат*. (Создаваат и девијантни и ментално или физички оштетени единки.) Секоја личност иновира и твори. *Секојдневно*, постојано. Креативниот потенцијал е дел од човековата природа; по својата природа, луѓето се насочени кон творење (Buhler, 1973; Buhler & Massarik, 1968; Зинченко, 2010; и др.). Секој создава не во една област, туку во повеќе области. Меѓучовечките разлики во создавањето претежно се во фреквентноста, бројот на облици, степенот на комплексност и на особеност/оригиналност. Друго прашање е колку е тоа квалитетно, конструктивно, полезно, јавно достапно и општествено вреднувано.

---

*Големи создавачи*

Широко е прифатено следново. Најголем темен создавач/ злотворец во поновата или целокупната историја е Хитлер, водач на нацистичка Германија. Еден од најголемите светли создавачи е Ганди, а голем создавач е Н. Мандела (тие делумно или целосно живееле во Јужна Африка). Голем светол создавач е Мајка Тереза.

Најпознати македонски создавачи се т.н. свето македонско тројство: кралот Филип II (наречен најмудриот антички владетел), неговиот син Александар Велики и филозофот Аристотел (учител на Александар).

---

Луѓето создаваат. Создаваат не само позитивни (конструктивни/продуктивни, убави и сл.), туку и негативни (непожелни, штетни, агресивни, загрозувачки, грди и сл.) нешта. Дали е неопходно само позитивно создавање? Одговорот е: не. Прво, не е можно јасно и апсолутно да се разграничат позитивното и негативното. Поврзано со тоа, појавите што вообичаено се проценуваат како негативни – болка, растројство, болест, недостаток, уривање, усмртување и др. – можат да имаат позитивни ефекти или да бидат полезни. (На пример, болката може да биде поттик за создавање песна или слика, или правење добра постапка. Се усмртуваат животни, кои потоа се јадат.) Понатаму, често предуслов или дел на создавачкиот процес се агресија, оштетување, разградување, рушење, дури и уништување. (На пример, љубовта, сексот, правењето деца не се можни без некои облици на агресија и деструкција.) Пикасо повеќе пати изјавил: „Секој акт на креирање првенствено е акт на деструкција“ (в., на пр. Pablo Pikaso u razgovoru s Kristijanom Zerbosom, 1967). Доказ за неопходноста е и фактот: негативното создавање е присутно кај секоја единка, во сите заедници, во сите историски периоди. Но, од претходното не следува дека сите облици и случаи на негативно создавање се пожелни и прифатливи. Особено не следува за злотворењето насочено кон луѓе.

Има ли нешта што не се животно неопходни, а луѓето ги создаваат? Да. Луѓето создадоа многубројни нешта (куќи, орудија, јазици, игри, песни, теории итн.), кои не се неопходни за просто суштествување, но објективно или субјективно се неопходни за (по)добро живеење, за напредок, развој.

Дали создаваат само луѓето? Не. Ластовичките, на пример, лачат хормони, растат и се развиваат, градат гнезда/домови, несат јајца и овозможуваат јајцата да се преобразат во мали суштества. Потоа тие мали суштества долго ги хранат и се грижат за нив. Создаваат и посложени суштества, на пример, коњи, мајмуни и делфини. Создаваат и наједноставните и најмалите суштества, како што се амебите. Создаваат сите суштества. (Еволуцијата на живите суштества е производ на создавање; еволуцијата е непрекинато творештво, а нејзин двигател е животниот порив (elan vital), тврди А. Бергсон.) Сосема е јасно дека создавањето е одлика и на неживата материја. Доволно е да се споменат неколку производи: вода, планета Земја, Сончев систем и галаксии.

Значи, *создавањето е сеопшта појава*; тоа е општа одлика на суштествата и на стварноста (Пономарев, 1976; и др.). Создава секоја единка; создаваат делови и органи, дури и помали составки

на единката. Единките создаваат заеднички. Создава неживата природа, вселената.

Од друга страна гледано, *сѐ е создадено*. Сите нешта што постојат и што порано постоеле, вклучително и сите суштества, се создадени. Посебно, создадени се човечката единка, сите нејзини делови и органи, секој облик на функционирање, секоја компонента на менталноста. Освен тоа, создадени се и нешта што на некој начин постојат, но не се стварни (на пример, измислени суштества и ликови во уметничките дела).

Како индивидуално природно суштество единката не е оспособена да живее на човечки начин. Неопходно е *да се оспособи*, т.е. да се очовечи. Тоа значи, неопходно е кај неа да се создадат, потоа и да се менуваат и да се развиваат многубројни творби. Единката може да се очовечи. Потенцијали има. Очовечувањето е долг и сложен процес (в. Јанаков, 2013). Во текот на тој процес кај неа се создаваат многубројни творби: претстави за дејствување, светоглед, животни цели, совест, идеална слика за себе и др. (в. Зинченко, 2010 и др.); обединувачка/најсложена е личноста. Очовечената единка е оспособена за сложени облици на создавање.

Кој е создател? Делот од стварноста, наречен човечки свет, создаден е од луѓето. Маркс (в. Marx, Engels, 1953/1985) убедливо укажа: со сопствената дејност луѓето ја менуваат стварноста и создаваат човечки свет. Некои будистички школи, Јунг и други тврдат: создател на стварноста/универзумот е менталноста. Помеко кажано, менталноста/духовноста е голем создавач.

Дејствувајќи, правејќи/произведувајќи, луѓето ја менуваат стварноста. Наведениот исказ на Маркс завршува вака: и притоа самите (луѓето) се менуваат. Развојната и историската психологија докажуваат: луѓето онтогенетски и историски се менуваат, се преобразуваат и се доградуваат.

Човечкиот свет/цивилизацијата и менталноста, пошироко човекот, заемно се одредуваат (в., на пример, Adams & Marcus, 2004); односот свет – човек е комплексен и дијалектички.

Еден посреден доказ за важноста и неопходноста на создавањето е содржан во Светата книга. Прва реченица во книгата е: „На почетокот Бог ги *создаде* небото и земјата“ (подвлечено од Б. Ј.). Во книгата се тврди дека Бог го создаде и човекот. А човекот е предодреден да создава. (Човекот создава затоа што наликува на Бог. Имено, Бог го создаде човекот според сопствениот лик.)

Во денешно време живеењето е полесно од кога било порано. Во денешно време живеењето е потешко од кога било порано. Парадо-

ксално е, но двете тврдења се точни. Во голема мера се точни затоа што живеењето е поврзано со создавањето. Живеењето е полесно затоа што има многу, премногу производи и резултати на создавање. Во врска со тоа, се вели: во денешно време има сè и сè може да се купи. Без посебно ангажирање, без труд, пот и мака можат да се имаат безброј нешта. Потешко е затоа што опкружувањето/светот брзо и мошне се менува, а приспособувањето не е лесно; живеењето стана пребрзо, пренапрегнато, а степенот на неговата автентичност е низок.

Поврзано со претходното, истакнати психолози (Б. Г. Ананјев, В. П. Зинченко, А. Н. Леонтјев, Е. Фром и др.) укажале на следново. Современата стварност (особено општествено-економските односи и дехуманизираната техника и технологија) ја зголемува отуѓеноста и го попречува полноценото, творечко и достоинствено живеење. Човекот се развива како создавач, а не како потрошувач/консуматор; изразито создавачките активности се клучен фактор на развојот.

Зошто создавањето е неопходно? Што го одредува? Активноста, прво, е неопходна за одржување на животот. Суштеството живее кога е активно; неактивноста е умртвувачка, дури и – смртоносна. Второ, со дејствувањето (особено со произведувањето) се создаваат услови за преживување и добро живеење. Трето, со заедничко дејствување се прави и се одгледува потомство. Инаку согледано, создавањето е одредено од неблагосостојба: недостаток (на успешност, усогласеност, задоволство, смисла итн.), ограниченост, слабост, нецелосност, напрегнатост и сл. На пример, неоптималната терморегулација на човекот е појдовна основа на многубројни и непрекинати создавања (на облека, мода, градби, знаења и др.). Создавањето е *неопходно за справување со непостоењето благосостојба*, за подобрување на состојба, за постигнување и одржување благосостојба. Субјектот (индивидуа или колектив) создава, затоа што тоа му е битно, потребно, нужно.

Заклучоци:

(1) Создавањето е неопходно за постоење, суштествување, менување и развој, посебно на човечки единки, заедници и човечкиот вид.

(2) Многу акти на создавање не се неопходни за одржување/суштествување на субјектот, но се неопходни за нешто друго – за благосостојба, развој и др.

(3) Човечката единка е создадена и создавач, творба и творец. Истото тоа важи за човечкиот вид, за другите суштества, и за неживата природа и вселената.
(4) Како вид и како единка човекот е создаден, но не еднаш и за навек. Човекот непрекинато се менува, се преобразува, се пресоздава.

*Без создавање, не се можни правењето добро и развој. Без создавање, животот згаснува, битието умира.*

Со актот на создавање стварноста се менува, а со производот – се обогатува.

Актот претставува (и) исчекор од тоа што субјектот е; со актот субјектот се менува. Во многу случаи со актот субјектот се доградува, се обогатува, се подобрува, се усовршува, се себенадминува. *Без конструктивно и социјално полезно создавање, човечкото живеење не е вредно, исполнувачко и достоинствено.*

## Литература


Averil, J. R. & Nunley, E. (2010). Neurosis: the dark side of emotional creativity. In Cropley, D.H., Cropley, A.J., Kaufman, J.C., & Runco, M.A. (Eds.). *The dark side of creativity* (pp. 255-276). Cambridge: Cambridge University Press.

Adams, G. & Markus, H. R. (2004). Toward a conception of culture suitable for social psychology of culture. In Schaller, M. & Crandall, C.S. (Eds.) *The psychological foundation of culture* (pp.335–360). Mahwah: Lawrence Erlbaum Associates.

Акимов, И.А., Клименко, В.В. (2007). *О природе таланта*, Том 1.

Baumeister, R.F. (2005). *Cultural animal: Human nature, meaning and social life*. Oxford: Oxford University Press.

Baumeister, R. F. & Bushman, B. J. (2008). *Social psychology and human nature*. Belmont: Thomson.

Buhler, C. (1973). *Sta ocekivati od zivota*. Zagreb: Stvarnost.

Buhler, C. & Massarik, F. (1968). *Course of human life*. New York: Springer.

Зинченко, В.П. (2010). *Сознание и творческий акт*. Москва: Языки славянских культур.

Ильин, Е. П. (2009). *Психология творчества, креативности и одарености*. Санкт-Петербург: Питер.

Јанаков, Б. (2013). *Личност. Основи на персонологијата* (скрипта за интерна употреба).

Kaufman, J. C. & Sternberg, R. J. (Eds.) (2010). *Cambridge handbook of creativity*. Cambridge: Cambridge University Press.

Козлов, В. В. (2008). *Психология творчества*. Москва: Гала.

Лисичкин, В. А., Шелепин, Л. А. (2001). *Глобальная империя Зла*. Москва: Крымский мост.

Marx, K. / Engels, F. (1953). *Rani radovi*. Zagreb: Kultura .

Martinsen, O. L. (2011). The creative personality: A synthesis and development of creative personality profile. *Creativity Research Journal, 23* (3), 185 -202.

Мещеряков, Б. Г., Зинченко, В. П. (ред.) (2007). *Большой психологический словарь* (3 изд). Санкт-Петербург: Прайм-Еврознак.

Николаенко, Н. Н. (2005). *Психология творчества*. Москва: Речь.

Pablo Pikaso u razgovoru sa Kristijanom Zerbosom. U Fridental, R. (Ur.) (1967). *Istorija umetnosti kroz pisma velikih stvaralaca, Kniga II - Od Blejka do Poloka*. Beograd.

Пономарев, Я. А. (1976). *Психология творчества*. Москва: Наука.

Rickards, T., Runco, M. A., & Moger, S. (Eds.) (2004). *The Routledge companion to creativity*. Cambridge: MIT press.

Runco, M. A. (2004). Creativity. *Annual Review of Psychology, 55*, 657 - 687.

Runco, M. A. (2007). *Creativity: Theories and themes: Research, development, and practice*. Burlington, MA:Elsevier Academic Press

Runco, M. A. & Jaeger, G. J. (2012). The standard definition of creativity. *Creativity Research Journal*, *24*(1), 92-96.

Runco, M. A. & Pritzker, S. R. (Eds.) (1999). *Encyclopedia of creativity, V1, 2*. San Diego: Academic Press.

Samuels, A., Shoter, B., & Plaut, F. (1986). *A critical dictionary of Jungian analysis*. London: Routledge.

Simonton, D. K. (2005). Creativity. In Snyder, C.R., Lopes,S.J. (Eds.). *Handbook of positive psychology*, 2nd ed. (pp. 189-201). New York: Oxford University Press.

Simonton, D. K. (2008). Creativity and genius. In John, O. P., Robins, R. and Pervin, L. (Eds.). *Handbook of personality: Theory and research* (3rd ed.). (pp. 679-698). New York: Guilford Press.

Simonton, D. K. (2010). So you want to became a creative genius? You must be crazy! In Cropley, D.H., Cropley, A.J., Kaufman, J.C., & Runco, M.A. (Eds.). *The dark side of creativity* (pp. 218-234). Cambridge: Cambridge University Press.

Simonton, D. K. & Ting, S. S. (2010). Creativity in Eastern and Western civilizations: The lessons from historiometry. *Management and Organizational Review, 6* (3), 329-350.

Соснин, Е. А., Пойзнер, Б. Н. (2011). *Из небытия в бытие: Творчество как целенаправленная деятельность*.Томск: Томский государственый университет.

Сохан, Л. В., Тихонович, В. А. (ред.) (1985). *Жизнь как творчество (социально- психологический анализ).* Киев: Наукова думка.

Sternberg, R. J., Grigorenko, E. L., & Singer, J. L. (2004). *Creativity. From potential to realization.* Washington: American Psychological Association.

Субботский, Е. В. (2007). *Строящееся сознание*. Москва: Смысль.

Cropley, D. H., Cropley, A. J., Kaufman, J. C., & Runco, M. A. (Eds.) (2010). *The dark side of creativity*. Cambridge: Cambridge University Press.

Csikszentmihalyi, M. (1996). *Creativity*. New York: HarperCollins.

Hennessey, B.A. & Amabile, T.A. (2010). Creativity. *Annual Review of Psychology*, *61*, 569-598.

# IS CREATING NECESSARY?

**Blagoja Janakov**


## Abstract

In this paper the term creating is defined widely: a process of doing/realizing something which has characteristics. Creating has two aspects: (1) doing/producing – the key here is realizing; (2) creating (in the narrow sense of the word) – the key here is peculiarity/originality of the created. The forms of creating are numerous: building, renewing, making, producing, (trans)forming, generating, inventing, discovering, originating; constructive and destructive; good-making and evil-making; etc. Special creative processes are the changes: growth, development, becoming ill, becoming healthy, etc. Purposes/functions of creating: adaptation, achieving and maintaining wellbeing, self-presentation, self-realization, etc. The products are extremely various: short and long-term, mental and material, useful and useless, etc. Very creative phenomena are: illusions, fictions, infatuation, dreams, etc. The psychological practice, especially psychotherapy, cannot be successful without the act of creating. All people create; people are exeptionally focused on creating and are great creators. They create not only positive, but also negative things. They create things that are and things that are not necessary for survival, but are necessary for something else (wellbeing, improvement, etc.) Creating is necessary for existence, change and development of individuals, communities and the human kind. People have been created and are creators, have been made and are makers. Creating is a universal feature of the beings and the reality. Everything which exists has been created. Without creating the life ceases, the being dies.


**Keywords**: *creating, doing, producing, necessity of creating.*